Gmail **Cvetanka Ristevska**

## Барање за пристап до информации од јавен карактер - ДУП

1 message

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 05-01-2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-1 | 2023 | | |

To: contact@bitola.gov.mk, Wed, Jan 4, 2023 at 11:42 AM

Почитувани,

Врз основа на член 4, член 12 и член 16 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник бр. 101/2019) до Општина Битола како имател, го доставувам следното барање за информации од јавен карактер:

**1. Да ми се достави важечки ДУП (графички прилог или синтезен план, табела и текстуален дел од планска документација) за КП 2938, КП 2939 и КП 2936, КО Битола 4.**

Нагласувам дека не барам извод од ДУП кој е официјален документ и кој е неопходен за било каква управна постапка, туку едноставно барам информација од јавен карактер.
Името на ДУП-от не ми е познато, бидејќи ГИС-порталот на Општина Битола не е веќе активен.
Поради тоа цитирам парцели од планскиот опфат, а службениците можат да проверат за кој ДУП се работи.

Бараните информации да ми се доставт целосно и во електронска форма на оваа електронска адреса о законски утврдениот рок.

На веб-страницата на Општина Битола има само листа - преглед на важечките урбанистички планови (http://www.bitola.gov.mk/wordpress/wp-content/uploads/2019/01/Pregled_na_URB_planovi_0119.pdf), **но не и самите планови**. Од она што јас можев да го најдам, од вкупно 117 ДУП-ови и дополнително други урбанистички документации, достапни се **само 2 урбанистички плана** на следниот линк: https://www.bitola.gov.mk/%d0%b4%d0%b5%d1%82%d0%b0%d0%bb%d0%bd%d0%b8-%d1%83%d1%80%d0%b1%d0%b0%d0%bd%d0%b8%d1%81%d1%82%d0%b8%d1%87%d0%ba%d0%b8-%d0%bf%d0%bb%d0%b0%d0%bd%d0%be%d0%b2%d0%b8/

Доколку Општина Битола ги има објавено важечките урбанистички планови на својата веб-страница, Ве замолувам да ми го испратите линкот.

Со почит,

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Љубица Мигуловска
Раководител на одделение за спроведување на урбанистички планови

Бр.11-1/2
05.01.2023

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-1/1 за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Примил
Ањиб
05.01.2023

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 16 -01- 2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-113 | | | |

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**Одделение за спроведување на урбанистички планови**

**30 - сл. 09.01.2023**

**До Одд. за административни и општи работи**
**Цветанка Ристевска**

**ПРЕДМЕТ: Одговор на Ваше Барање бр. 11-1/2 од 05.01.2023г за достава на информации од јавен карактер**

**Ве информираме дека Одделение за спроведување на урбанистички планови дава информации по проследено Барање од странка.**

**Информации за Извод од ДУП се даваат по добиено Барање од странка – сопственик на предметната КП или проектант со заверено полномошно од Инвеститорот во хартиена форма или во системот Е- одобрение, при што се доставува од страна на Барателот Имотен лист и скица од АКН за конкретна катастарска парцела.**

**Увид во планска документација може да се направи со Барање поднесено на шалтер секој работен ден.**

**Во тек е спроведување на постапка за отпочнување на работа на Општински ГИС во кој пристап ќе имаат имаат и надворешни лица, по договорена процедура.**

**Со почит,**

**В.д. Раководител на Одд:**
Љубица Мигуловска, диа

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА БИТОЛА

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-1/4
17.01.2023

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот , поднесено на **04.01.2023 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Прашање бр.1Достава на важечки ДУП за КП 2938, КП 2939 и КП 2936, КО Битола 4 **(детален опис на барањето во прилог на решението)**

**СЕ УВАЖУВА**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**

**Во Прилог:**

1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-1/1
2. Допис до Одделение за спроведување на урбанистички планови со бр. 11-1/2 од 05.01.2023 год.
3. Одговор од Одделение за спроведување на урбанистички планови со бр. 11-1/3 од 16.01.2023 год.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 17.01.2023 година, под бр. 11-1/4.

**Службено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**
**Цветанка Ристевска**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk